Врз основа на член 39 став (5) од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕСМЕТКАТА НА ДАНОК НА ДОБИВКА ПРИ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на пресметката на данок на добивка при престанување на условите за даночно ослободување.

**Член 2**

Пресметката на данок на добивка при престанување на условите за даночно ослободување се поднесува на образец „ДД-ДО ” изготвен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на пресметката од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-9107/1
15 октомври 2019 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Нина Ангеловска**, с.р.